РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БОСИЛОВО
Бр. 03-1827/1
03.08.2022 год.
Босилово

Врз основа на член 50, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија''бр. 5/2002) и Меморандумот за соработка број 03-970/1 од 03.05.2022 година, склучен помеѓу општина Босилово и Универзитетот за туризам и менаџмент Скопје, Градоначалникот на општина Босилово објавува:

# ЈАВЕН КОНКУРС

## за доделување на 15 стипендии за упис на студенти на додипломски студии од прв циклус на Универзитетот за туризам и менаџмент од Скопје за студиската 2022/2023 година

## I. ВОВЕД

Општина Босилово во соработка со Универзитетот за туризам и менаџмент од Скопје за студиската 2022\2023 ќе додели 15 стипендии на редовни студенти, запишани на додипломски студии од прв циклус на Универзитетот за туризам и менаџмент од Скопје.

## II . УСЛОВИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИЈА

1. Право на стипендија имаат учениците кои ги исполнуваат потребните услови кои ќе бидат пропишани согласно конкурсот за прием на студенти на Универзитетот за туризам и менаџмент Скопје.
2. Да биле редовни ученици кои постигнале особено висок успех во учењето;
3. Да не се корисници на стипендија од други установи,институци или фирми;
4. Да се државјани на Република Северна Македонија;
5. Да се високо мотивирани да стекнат академски знаења на овој Универзитет.

## III . НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ

Учениците кои се пријавуваат на конкурсот,треба да го пополнат потребниот образец за пријава поставен на интернет страната https:\\opstinabosilovo.gov.mk.
Со **пријавата** потребно е да се достават следните документи:

**1.Мотивационо писмо во кое ќе биде наведено досегашното образование, познавање на странски јазици, причина за аплицирање и постигнат успех во рамки на средното образование.**
**2.Копија од свидетелство за прва, втора, трета и четврта година средно образование.**
**3.Документ за положена државна матура (копија од свидетелство за завршено средно образование).**
**4.Копија од извод од матична книга на родените.**
**5.Доказ за државјанство на Р.Северна Македонија (Уверение или решение).**
**6.Изјава дека не се корисници на стипендија од други установи,институции или фирми.**
**7.Изјава за согласност за лични податоци.**
**8.Изјава за веродостојност и точност на поднесените документи.**

## IV. МЕСТО И РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИ

Пријавата со потребните документи, кандидатите треба да ги достават најдоцна до **23.08.2022** година, на адреса: Општина Босилово с.Босилово бб, во затворен плик, со назнака „За комисијата за спроведување на Конкурсот за доделување на 15 студентски стипендии", или лично во архивата на општина Босилово.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Изборот на кандидати ќе го врши комисија која ќе биде формирана од страна на Општина Босилово.
Предност во доделувањето стипендии ќе имаат одлични ученици, ученици од социјално загрозени семејства, ученици кои се деца без родители и ученици од ранливите категории граѓани.
Општина Босилово го задржува правото доколку е неопходно во текот на постапката да побара и други документи кои се неопходни за донесување правилна одлука. Списокот со избраните кандидати ќе биде објавен најдоцна до 24.08.2022 година на интернет страницата на Општина Босилово.Општина Босилово ќе достави список до Универзитетот со избраните студенти а сите формалности околу уписот и потребната документација ќе бидат обврска на студентот.

Општина Босилово
Градоначалник
Ристо Манчев

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАДОНАЧАЛНИК * ОПШТИНА БОСИЛОВО * Босилово